Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт**

Сектор за уредување на просторот

24 Јуни, 2025

АРХИВСКИ БРОЈ: 67-2379/11

ДО:
СУБЈЕКТ (НАЗИВ НА ИНСТИТУЦИЈАТА)

ПРЕДМЕТ: ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ОПШТ ЈАВЕН ПОВИК ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА ПО УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕ СО НАМЕНА Е1.13 – ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ НАД 10 MW НА ДЕЛ ОД КП 3038/1, НА ДЕЛ ОД КП 3099/1 И НА ДЕЛ ОД КП 3135/1, КО НЕГОТИНО - ОПШТИНА НЕГОТИНО

Почитувани,

Во врска со член 49-а од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ, бр. 32/2020, бр.111/2023, бр.73/2024, бр.171/2024, бр.224/2024, бр.40/2025 и бр.101/2025), Ве известуваме за одржување на ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА ЗА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ИЗГРАДБА НА ВЕТЕРЕН ПАРК (ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ СО КАПАЦИТЕТ НАД 10MW) ВО ОПШТИНА ШТИП, ОПШТИНА РАДОВИШ И ОПШТИНА КАРБИНЦИ

Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење ќе биде изложен на увид и проверка на широката јавност во просториите на Министерството за транспорт, а исто така урбанистичкиот план е достапен и во информацискиот систем е-урбанизам и на веб станите на министерството и општина Неготино.
Јавната презентација ќе трае од 27.06.2025 година до 04.07.2025 година .

Соопштението за организирање на јавната презентација е објавено во информацискиот систем е-урбанизам и на веб станите на министерството и општина Неготино. Во наведениот рок, заинтересираните правни и физички лица од подрачјето опфатено со урбанистичкиот план можат да доставуваат забелешки и предлози на анкетни листови, во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам, на е-адресата info@mtc.gov.mk или во писмена форма за време на стручно презентирање на планското решение кое


Министерство за транспорт
Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина“ бр.4, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk

ќе се одржи на ден 30.06.2025 година (понеделник) во 10 часот во просториите на Министерството за транспорт.

Со почит,

**МИНИСТЕР**
**АЛЕКСАНДАР НИКОЛОСКИ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ MINISTRIA E TRANSPORTIT
СКОПЈЕ - SHKUP

**изработил/одобрил:**
**Раководител на**
**Сектор за уредување на просторот**
**Весна Андриевска, диа**


Министерство за транспорт
Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина“ бр.4, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk